АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
26.10.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4674 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 6 до 12 август 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*)

   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.06.2018 година, за непочитување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-340, 11.06.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (18.06.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 6 до 12 август 2018 година, на регионално ниво, на подрачјето на Скопје, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението** за изрекување мерка (Уп1

бр. 03-340, 11.06.2018 година), односно не ја отстранил извршената повреда на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Еднонеделната анализа, на вкупно емитуваната програма, спроведена во седмицата од 6 до 12 август 2018 година, покажа дека радиопрограмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата, односно: само формално го исполнуваше форматот на програмскиот сервис (*говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции*), без реален, дневен, актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција (на пример, во емисијата - „*Бизнис флеш-вести*"), потоа - вкупно емитуваната програма целосно беше составена од многукратни репризи на говорни и на говорно-музички емисии (на пример, во емисиите - „*Флеш мода со Сани*", „*Бушави глави*", или „*Поетски карван*"), а радиодифузерот не емитуваше ни програми што третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис – во Скопје, односно - на регионално ниво.

Вкупното времетраење на ефективно реализираната програма (без другите програмски сегменти, како: реклами, најавни и одјавни шпици, џинглови, и слично) од – 166 часа и 16 секунди, беше поделено на - 52 часа 32 минути и 25 секунди говор, и на - 113 часа 27 минути и 51 секунда музика. Говорните, новинарски осмислени целини/емисии, беа застапени со 31,65% во неделната програма, и тоа преку 7 жанровски различни аудиопрограми, со следнава структура според програмската функција што ја исполнуваат:

- 58,25% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција;
- 11,72% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција;
- 30,03% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Меѓутоа, радиодифузерот само формално се придржуваше до програмскиот формат што е доминантен дел/елемент од целината - програмски концепт. Вкупниот, новинарски осмислен, говорен дел од програмата, целосно беше составен од многукратни репризи на говорни и на говорно-музички емисии, без реален дневен, актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција. Односно, емисиите со информативна програмска функција, емитувани во неделата од 6 до 12 август 2018 година, беа нефункционални од примарниот аспект на – актуелноста, бидејќи во нив немаше дневен новинарски ангажман, што е евидентно и според многукратно репризираната информативна содржина, и според формалните податоци од одјавните шпици за тие емисии (на пример, кај т.н. „*Бизнис флеш-вести*", на одјавната шпица беше декларирано дека се произведени на - „*26 јули 2017 година*").

- Говорниот дел од програмата го емитуваше на македонски јазик,
- Застапеноста на сопствената програма во анализираната недела беше 52 часа 32 минути и 25 секунди, многу повеќе од пријавеното во програмскиот концепт. Сепак, останува забелешката дека сопствената програма, во седумте дена од

мониторингот, беше составена исклучиво од репризирани говорни и говорно-музички емисии – многукратно репризирани, и во текот на еден ист ден и во текот на целата недела, односно - без реален, дневен новинарски ангажман;

- Радиодифузерот воопшто не емитуваше програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис, во случајов на регионално ниво, на подрачјето на Скопје.

Според наодите од неделниот надзор, имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, наместо најмалку 80% во текот на една недела, исполнуваше само 30% од програмскиот концепт за кој му е доделена дозволата за радио емитување, што е спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во неделата од 6 до 12 август 2018 година, радискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 11.06.2018 година, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***